РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1724/4
12-05-2023

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 86-та седница одржана на ден 05.05.2023 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр. 08-5081/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5081/1 од 15.11.2021 година.

Предметот со број 08-5081 /1 од 15.11.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-5081/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ____________ во законски предвидениот рок од 30 дена по престанок на функцијата член на Управен одбор на Агенција за планирање на просторот, не поднел Анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до лицето __________. Истата на ден 30.03.2023 година ја платила глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска
Одобрил: Нури Бајрами, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk